# MOTHERHOOD AS A PARADIGM FOR BOUNDLESS LOVE IN THE UPBRINGING OF YOUNG PERSONALITY

**Vasilka Gjurchinovski**
OUD „Lazar Lazarevski" Veles, Republic of North Macedonia, vasilka79@yahoo.com

**Abstract:** A family as a primary and fundamental environment in which a person grows and develops has the largest and most crucial role in the upbringing. Therefore, today it is increasingly questioned the family connection to the the upbringing and social development of the young person. Almost all positive or negative aspects of behavior, conscious or unconscious are assigned to the family and the family relations, especially the relation parent-child.

Motherhood as a paradigm for boundless love, represents a crucial resource to the development of the individual identity. Always in accordance to the biological as well as physiological relation of mother to the child, it represents the first and most important segment of the personality development. This is for the reason that mother is the one who brings the child in this world, and further on she raises them from being little towards reaching a total independency in mature life. Mother's love and care to the child, is full and well completed and can be qualified as a key condition for an appropriate development of the children in a given family.

**Keywords:** motherhood, mother, children, upbringing

This paper is written, with many emotions,
based on the love I received from my creator,
from my moral icon, from my life teacher,
from my MOTHER, who died on 07.10.2021.

# МАЈЧИНСТВОТО КАКО ПАРАДИГМА ЗА БЕЗГРАНИЧНА ЉУБОВ ВО ВОСПИТУВАЊЕ НА МЛАДАТА ЛИЧНОСТ

**Василка Ѓурчиновски**
ОУД „Лазар Лазаревски" Велес, Перублика Северна Македонија, vasilka79@yahoo.com

**Резиме:** Семејството како прва и фундаментална средина во која расте и се развива една личност има најголема и најпресудна улога во воспитувањето. Затоа, денес се повеќе се актуелизира поврзаноста на семејството со воспитувањето и социјалниот развој на младата личност. Речиси сите позитивни или негативни страни на однесувањето, свесни или несвесни, им се припишуваат на семејството и семејните односи, посебно на односот родител – дете.

Мајчинството како парадигма за безгранична љубов, претставува клучен ресурс во развојот на личниот идентитет. Секогаш во согласност со биолошкиот и физиолошкиот однос на мајката кон детето, тоа претставува прв и најважен сегмент од развојот на личноста. Ова е од причина што мајката е таа што го носи детето на овој свет, а понатаму го подигнува од мали нозе кон постигнување целосна независност во неговата зрелост. Мајчината љубов и грижа кон детето е целосна и потполно комплетна и може да се оквалификува како клучен услов за соодветен развој на децата во семејството.

**Клучни зборови**: мајчинство, мајка, деца, воспитување

Овој труд е пишуван, со многу емоции,
врз основа на љубовта која ја добивав од мојата создателка,
од мојата морална икона, од мојот животен учител,
од мојата МАЈКА, која почина на 07.10.2021.

## 1. ВОВЕД

Иако во денешно време воспитувањето на младата личност се остварува во различни средини, семејството како темелна социјална институција која пресудно влијае на судбината на поединецот, се уште го носи епитетот - најзначајно. Меѓу другото, неговото значење произлегува од перманентноста, одговорноста и силниот интензитет на мајчинството и воопшто родителството, кој е проследен и со силна емоционалност и мотивираност. Според Чарлс Хортон Кули семејството е едно од најзначајните примарни групи кои овозможуваат директна комуникација, или интеракција лице во лице помеѓу членовите, а релативната

трајност произлегува од продолжителноста на овие процеси. Членовите од семејството формираат групен идентитет, соработувајќи меѓусебе и изградуваат чувство кога од „јас“ се претвараат во „ние”. Нивното функционирање се темели на однос од примарен тип, чии основни карактеристики се:
- вклучуваат слободна и продолжителна комуникација;
- односот од примарен тип може да произлезе и од формален однос, во кој постепено се вклучиле елементи на блискост и неформална комуникација;
- овие односи ја вклучуваат севкупната личност на единката;
- вклучуваат улоги и намери кои се неспецијализирани и дифузни;
- имаат личен и емотивен карактер и со оглед на тоа што претпоставуваат одговор што соодветствува со посебните карактеристики на другиот во односот, тие не се лесно преносливи.

Семејството овозможува стекнување на стабилни искуства во доменот на човековата солидарност. Младата личност тука се чувствува сигурно, без разлика на тоа дали секојдневните активности и обврски успешно се извршуваат или не, а тоа чувство на припадност и сигурност има големо значење низ целиот негов живот.

## 2. СЕМЕЈНАТА СРЕДИНА КАКО ВОСПИТЕН ФАКТОР

Воспитните фактори од чие влијание зависи правилното воспитување на младата личност се многубројни и заемно поврзани. Во контекст на овие фактори, семејството завзема едно од битните и одлучувачки места. Човечката единка се раѓа како беспомошно суштество и во средината, под влијание на воспитанието таа го доживува своето „второ раѓање“, односно од биолошко суштество станува комплетна личност со сите нејзини компоненти. Семејната средина претставува прва и основна средина за човекот, каде детето ги освојува првите симболи на културата, навлегува во работата и материјалниот свет и стекнување на материјални добра.Од таа причина, воспитанието претставува неодвоива функција на семејството уште од самиот почеток на неговото постоење до денес. Тие се истовремено вткаени во животот на секој поединец.

Една од основните одлики на современиот живот е влегувањето на голем број на жени во сферата на професионалната работа, не само од економски причини, туку и заради нивна самореализација и афирмација. На прв поглед се чини дека вработеноста на мајката носи со себе и намалена воспитна функција на семејството, но многубројни испитувања кои се правени на оваа тема, не ја потврдуваат наведената констатација. Вработеноста на жената значи и нејзина економска еманципација и подемократски односи во семејството, што секако придонесува за квалитет во неговата воспитна функција. Се чувствува демократизација на односите помеѓу родителите и децата, што е резултат на општата семејна атмосфера, на слободата и почитувањето на личноста на секој член во семејството и почитување на детските ставови и интереси.

## 3. МАЈЧИНСТВОТО И НЕЈЗИНАТА ПРЕСУДНА УЛОГА ВО ФОРМИРАЊЕ НА МЛАДАТА ЛИЧНОСТ

Мајчинството ги менува содржините кои се подразбираат под него во текот на општествено-економскиот развиток. Жената е истовремено и продуктивна и репродуктивна работна сила, таа има и демографска и економска улога, односно таа не само што раѓа туку преставува и работна сила. Моделот на идеалната мајка го дава J.J.Rousseau во „Emil“ одредувајки ги во него специфичните белези на женската природа: пасивност, преданост, верност и спремност на жртвување. Мајчинските обврски не биле само раѓањето, хранењето и негата на младата личност, туку тие се прошириле и врз неговото воспитание и образование. При крајот на XIX и во почетокот на XX век мајчинството во себе се повеќе опфаќало нови содржини, нови задачи и обврски. Се повеќе се развивал митот дека женската среќа лежи во жртвувањето за децата и семејството, а мајчинството се повеќе значи предаденост и жртвување на жената за членовите на семејството. Во ова време и се раѓа митот за постоењето на мајчинскиот инстинкт и спонтаноста на мајчинската љубов.

Во изминатите два века се нагласува огромното значење на мајката и нејзината одговорност во одгледувањето и воспитувањето на децата. Постепено станува широко распространето уверувањето дека мајката и нејзината безгранична љубов пресудно влијае во формирањето на младата личност. Од жените се очекува да бидат, пред се, мајки и детската судбина тесно се врзува со неа и со нејзиното постојано присуство во семејството. Едноставно мајчинството треба да се сфати како процес на воспоставување и остварување на односот на мајката спрема детето што започнува уште во нејзината утроба, пред тоа да се роди. Во самиот тој процес се менуваат интерперсоналните односи на жената, начинот на жнвеење, нејзиниот општествен статус, односно перципирањето на самата себеси. Поради големото влијание што го имаат врз нивните деца, мајките можат да ги образуваат според својот личен карактер, исто како што грнчарот ја работи глината според својата лична претстава. Според Диоген: „Воспитувањето на децата е слично на обработката на глината; имено, како што грнчарите додека е мека глината ја делат како што

сакаат и ја обликуваат, но не можат да ја обработуваат повеќе откако ќе се испече, така и младите можат да бидат воспитувани без напор, но кога ќе пораснат, стануваат неподобни за обработка“.

## 4. БЕЗГРАНИЧНАТА ЉУБОВ НА МОЈАТА МАЈКА КАКО ПАРАДИГМА НА МОЕТО ПОДИГНУВАЊЕ ВО КОМПЛЕТНА ЛИЧНОСТ

Специфичната форма на љубов како што е мајчинството на мојата мајка, можам да го дефинирам како чисто, безусловно, инстинктивно, болно и саможртвувачко. Љубовта на мојата мајка кон својот пород, кон мене и кон мојот брат, беше инстинктивна, силна, трајна и непроменлива. Со таква љубов и не напушти таа кобна вечер на 7-ми Октомври 2021 година. Таа, која беше авторитет и поим за силна жена, не прифаќаше онакви какви што сме, со сите наши маани и слабости, беше наша заштитничка и во таа своја функција беше непоколеблива без какво и да е влијание однадвор. Нејзината саможртва, неразбирлива за другите, единствено може да се протолкува преку синтагмата „мајчинска љубов“. Мајчинското предавање на себеси ја издигна до степен на света маченица достојна за почит. Ваквиот однос беше како резултат на таа безгранична мајчинска љубов, таа потполна посветеност кон своите деца, која беше клучна во нашето воспитување. Кај мојата мајка немаше дилеми, немаше ниту криза во нејзиниот хероизам, немаше ниту двоумење во секој аспект на нејзината посветеност. Таа,мојата МАЈКА, на која целиот живот беше историја на емоции, заслужува респект, која затрчана во секојдневието на своето постоење од генерација на генерација и менувајќи го нејзиниот статус во општеството и семејството, со својата љубов го освои светот како борец и победник. Таа, мојата мајка беше пример на силна, истрајна личност, упорна, внимателна и посветена на своите најблиски. Жена, која цврсто стоеше на нозе и премина преку многу препреки, а сепак никогаш не се пожали за ништо. Жена, која секогаш ми даваше најголема поддршка, сила и надеж. Жена, која со нејзината безгранична љубов која ја добивав во изобилство, од мене направи човек, во вистинска смисла на зборот. Нејзината мајчинска жртва беше безусловна и таа секогаш ќе остане константа низ целиот нејзин животен век како витална вистина.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Семејството е примарен и незаменлив чинител, односно тоа преставува фактор за формирање на младата личност и негово примарно воспитание. Тоа влијае на емоционалното формирање, збогатување и афективна стабилност на детето. Семејното воспитание е првично воспитание кое го стекнува личноста и затоа е силно, впечатливо и трајно. За правилна социјализација и воспитување на младата личност за нејзина сигурност и самодоверба, од пресудно значење е емоционалната атмосфера во семејството, атмосфера која ја карактеризираат заемната љубов меѓу родителите и низната заедничка грижа и љубов кон децата и настојувањата на сите членови во семејството, животот во него да го направат поубав и посодржаен. Мајчинството како прв однос меѓу мајката-жената која го носи, раѓа и дои детето е биолошки предодредено. Во текот на општествено-економскиот развиток доага до трансформација на мајчинскиот инстинкт во мајчинска љубов која претставува сложено чувство, а мајчинството не значи само да се роди и нахрани детето, туку и да се формира самостојна, креативна и сестрана личност. Таа меѓусебна симбиоза е нераскинлива, а односот помеѓу мајката и детето е неделив. Токму тука се наоѓаат корените на безусловната мајчинска љубов, која несомнено е парадигма во воспитување на младата личност.

## ЛИТЕРАТУРА

Арапске народне бајке. (1964). Мајка. Народна књига. Београд.
Вилотијевиќ, Н. (2002). Породична педагогија, Учителски факултет, Београд .
Грандиќ, Р. (2001). Породична педагогија, Филозофски факултет, Нови Сад.
Ѓорѓевиќ, Б. (1985). Савремена породица и њена васпина функција, Просвета, Београд.
Ѓурчиновски, В. (2021). Мајчинството, некогаш и сега, како фактор за зацврстување на односот кон образованието и науката, Слободен печат, Скопје.
Котева-Мојсовска, Т. (2006). Семејното воспитание и социјалното однесување на децата, Академски печат, Скопје.
Мојсиева-Гушева, Ј. (2013). Мајчинството како парадигма за безгранична љубов, Институт за македонска литература, Скопје, Превземено од https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies/article/view/494/417 .
Ташева, М. (2003). Социологија, Филозофски факултет, Скопје.,112-114
Тодорова, Е. (1988). Савремени американски теории за семејството, Софија.
Badinter, E. (1980). L’amour en plus, Paris, Flammarion, стр.137.

Glasgow, S., & Sang, K. (2016). Gender and Work-life Balance, Enterprise and its Business Environment, Wolvercote: Goodfellow Publishers Limited, 135-150.

Hermann, G. (1991). Einfuhrunge in die Padagogik, Weinheim, Munchen.

Joseph, J. & Deepu Jose, S. (2019). Work-life Balance Vs Work-family balance-An Evaluation of Scope, Amity Global HRM Review, Vol. 9, 63.

Radan, M. (2018),,Zamjensko majčinstvo-Bioetička prosudba ,Zagreb.

Smeltzer, S. C., Cantrell, M. A., Sharts-Hopko, N. C., Heverly, M. A., Jenkinson, A. & Nthenge, S. (2016). Psychometric Analysis of the Work /Life Balance Self-Assessment Scale, Journal of Nursing Measurement, Vol. 24 (1), 5-14.